# Годишен извештај за 2022 година

Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА


http://www.iep.mk/

https://www.facebook.com/iepmkd

contact@iep.mk

Здружението на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) е граѓанска организација насочена кон развој на демократија во општеството, заштита на човековите слободи и права, борба против сите форми на дискриминација, нечовечко и понижувачко однесување, како и поттикнување на граѓаните да станат поактивни учесници во развојот на демократијата на локално и национално ниво.

**Визија**

Визијата на организацијата е мир, стабилност и хармонија во земјата со активно учество на Граѓанинот во процесите на одлучување на локално и национално ниво

**Мисија**

Посветеност во развојот, едукација на граѓаните, нивната информираност, заштита на основните човекови слободи и права, како и изнаоѓање решенија во соработка со јавниот и деловниот сектор за подобрување на положбата и благосостојбата на луѓето.

## Проект: Платформа за Граѓанско образование на млади за борба против радикализација (Младите против насилство)

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет**: 271,504.70 евра

**Име на апликант и ко-апликант**: Здружение на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП); Здружение за развој и активизам – Аква-Струга; Центар за интеркултурен дијалог - Куманово; Нексус - Граѓански концепт - Скопје и Организација Градење на заедницата од Митровица – Косово

**Општа цел**: Зајакнување на капацитетот на локалното граѓанско општество за градење отпорност против радикализација на младинското население во С. Македонија

**Специфична цел**: Развивање на граѓанска едукативна платформа за млади, дизајнирање на мотивирачки наративи и алтернативни наративи за Граѓанско образование, како средство за спречување на радикализација на младите.

**Таргет групи:** Главна целна група се пошироката група на граѓански организации кои работат со образование за млади, Граѓанско општество и ЕУ образование, спречување на радикализација што може да доведе до насилен екстремизам и тероризам.

Втората целна група се млади лоцирани во општините Скопје, Куманово и Струга.

Третата целна група се претставници на локалните самоуправи, средни училишта и акциони групи во заедницата.

Крајни корисници се млади, нивните семејства и жители во областите на општините Скопје, Куманово и Струга.

**Времетраење**: јануари 2021- декември 2023

Во 2022 година (втора година од имплементација на овој проект), акцентот беше ставен на едукација на средношколците од повеќе училишта од Скопје, Куманово и Струга. Беа спроведени 18 работилници, по 6 во секој од градовите (Скопје, Куманово и Струга). Средношколците имаа можност да ги продлабочат своите знаења во повеќе области како: активно учество на младите, превенција и спречување на насилен екстремизам, интеркултурни компетенции, медиумска писменост, лажни вести и онлајн демократија, решавање на конфликти и самообразование, волотирање и социјални иновации.

Се одржаа четири редовни состаноци со членовите на Управниот одбор на Платформата, на кои се дискутираше за спроведените и планирани активности, предизвиците и начинот на нивно надминување. Истот така во трите таргет градови Скопје, Куманово и Струга беа одржани состаноци со членките на Платформата со фокус на мапирање на засегнатите страни и чинители во општеството, како клучни за соработка и поддршка при решавање на предизвици клучни за општеството и младите. На еден од состаноците се изгласа и новото членство, како и Претседавач на УО во рамки на Платформата. Беа остварени низа на состаноци за промоција на Платформата пред различни чинители и на различни општествени настани.

## Проект: Патот кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата

**Донатор**: Глобалниот фонд за ангажман и отпорност на заедницата

**Буџет**: 700,000.00 долари

**Име на апликант и ко-апликант**: Македонски центар за меѓународна соработка - МЦМС, Иницијатива за европска перспектива -ИЕП, Хоризон Цивитас, Нексус-граѓански концепт, Плиадес.

**Општа цел:** Иницирање на холистички пристапи за одржлива реинтеграција на ранливите семејства (вклучително и оние со повратници – странски терористички борци (СТБ) во државата.

**Таргет групи:**
1.Ранливи семејства, повратници и нивните семејства и соседи
2. Членови на заедницата каде што живеат повратниците, вклучително и работници од прва линија
3. Релевантни институции на национално и регионално ниво.
4. Локални и национални медиуми (уредници, новинари)

**Времетраење**: јули 2021-јуни 2024

Во рамки на овој проект Иницијатива за европска перспектива е одговорна за спроведување на активности поврзани со економска реинтеграција на повратници, односно странски терористички борци - (СТБ) и членовите на нивните семејства. За таа цел прво беше спроведено истражување на локалниот пазар на труд во осумте таргет општини (Чаир, Бутел, Гази Баба, Арачиново, Сарај, Студеничани, Тетово и Куманово со Липково), со цел да се процени можноста за вработување и самовработување на овие лица. Исто така беа изработени и локални економски планови, посебно за секоја општина каде подетално беа прикажани можностите за вработување и самовработување на ранливите категории на граѓани, вклучително и повратници – странски терористички борци (СТБ) и членовите на нивните семејства. Врз основа на добиените податоци, на крајот на 2022 година се започна и со директна работа со овие лица и со развој на индивидуални планови за професионален развој.

# Проект: Препознај и превенирај сајбер насилство

**Донатор**: Општина Гази Баба - Скопје

**Буџет**: 50.000 денари

**Име на апликант** : Иницијатива за европска перспектива -ИЕП

**Општа цел:** Подобрување на сигурноста во основните училишта на територија на општина Гази Баба преку зајакнување на стручните служби (педагози, психолози) и наставници.

**Специфична цел:** Подигање на свеста кај учениците, наставниците и стручните служби (педагози, психолози) во основните училишта од Гази Баба за сајбер насилството и неговите последици

**Таргет групи:**
1. Стручните служби (педагози, психолози), од вкупно 11 основни училишта во општина Гази Баба
2. Ученици, наставници, родители

**Времетраење**: април 2022 – јули 2022

Главен фокус на овој проект беше зајакнување на капацитетите на стручните служби (педагози, психолози) од општина Гази Баба. Беа споделени искуства во врска со сајбер насилството во училиштата и дадени беа препораки за начинот на постапување и заштита на жртвата, како и санкционирање на сторителот. Исто така, потенцирана беше потребата од почести средби на стручните служби (педагози, психолози) со учениците во насока на превенција од сите форми на насилство, вклучувајќи го и сјабер насилството.

# Анализи и истражувања

Во рамки на проектот "Патот кон отпорност и реинтеграција на ранливите смејства во заедницата", подготвена е Анализа за потребите на локалниот пазар на труд, која може да ја прочитате на следниуов линк:

https://iep.mk/vesti/analysis-research-on-local-labor-market-needs-for-rftfs-and-their-families/

Како втора активност на овој проект беше развојот на Локални економски планови за осум општини (Чаир, Бутел, Гази Баба, Студеничани, Арачиново, Сарај, Тетово, Куманово со Липково), со тоа што шест од овие општини се двојазични и плановите се достапни на македонски и албански јазик.

Истите може да ги прочитате на следниве линкови:

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-chair-mk.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-chair_alb.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-butel-mk.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-saraj_alb.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-saraj-mk.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-studenicani-mk.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-studenicani_alb.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-gazi-baba-mk.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-aracinovo-mkd.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-aracinovo_alb.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-tetovo_alb.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-tetovo_mkd.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-kumanovo-i-lipkovo-mk.pdf

https://iep.mk/wp-content/uploads/ekonomska-integracija-kumanovo-i-lipkovo_alb.pdf